EU SUPPORT FOR RULE OF LAW

ДОКУМЕНТ СО ПРЕПОРАКИ ЗА ПОЛИТИКИ

АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ

Посигурна иднина: Зајакнување на превенцијата од родово базирано насилство преку професионална обука во Северна Македонија

Улога

Судиите и јавните обвинители имаат комплементарни и клучни улоги во превенцијата и ефикасниот одговор на родово базираното насилство (РБН). Судиите се одговорни за изрекување на заштитни мерки и навремени одлуки кои ги штитат правата на жртвите и спречуваат понатамошна штета. Нивната способност да ги толкуваат законите преку родово сензитивен пристап, земајќи ги предвид трауматските искуства овозможува правда што е фокусирана на жртвата и обезбедува одговорност на сторителите. Со создавање правна пракса и гарантирајќи ги правните последици од РБН, судиите придонесуваат за градење доверба во правосудниот систем и охрабрување на жртвите да пријават насилство. Континуираната обука за меѓународни стандарди, како Истанбулската конвенција, и за траума-информирани практики е од клучно значење за зајакнување на нивните капацитети за превенција и справување со РБН.

Јавните обвинители, како први даватели на одговор, обезбедуваат итна правна заштита и покренуваат кривични постапки против сторителите. Тие имаат клучна улога во проценатa на пријавите за РБН, координацијата со полицијата и социјалните служби, и намалување на секундарната виктимизација преку заштитни мерки, како што се доверливо постапување со лични податоци, обезбедување безбедна средина за давање изјави и ограничување на повторното сослушување на жртвите. Обвинителствата исто така би требало да води специјализирани евиденции за следење на случаи поврзани со РБН. За ефикасно справување со овие случаи, неопходно е обвинителите и нивниот стручен кадар да добијат обука за родово сензитивен пристап, техники на интервјуирање базирани на траума и правна заштита на жртвите. Зајакнувањето на капацитетите и на обвинителите и на судиите е клучно за обезбедување навремена, сензитивна и ефективна правда, што на крајот придонесува за превенција на РБН и заштита на жртвите.

Финансирано од Европска Унија

ЕУ со ТЕБЕ

Вовед и контекст

Родово базираното насилство (РБН), вклучувајќи го насилството врз жени (НВЖ) и семејното насилство (СН), претставува сериозен и траен општествен проблем во Северна Македонија, длабоко вкоренет во патријархалните норми, нееднаквите односи на моќ и родовите стереотипи. И покрај постојното законодавство и усогласувањето со Истанбулската конвенција, предизвици остануваат во имплементацијата на законите, недоволната институционална координација и ограничените капацитети за превенција и заштита.

- Внатрешни податоци собрани од 30-те Центри за социјална работа од страна на Министерството за социјална политика, демографија и млади (МСПДМ) покажуваат континуиран пораст на пријавени случаи на РБН и СН во периодот од 2022 до 2024 година.
- Психолошкото насилство останува најчесто пријавуваниот облик, зголемувајќи се од 1.051 случаи во 2022 на 1.492 во 2024 година.
- Физичкото насилство исто така бележи постојан пораст, со 846 пријавени случаи во 2022 година, 944 случаи во 2023 година и достигнувајќи 951 случај во 2024 година.
- Иако поретко пријавувано, економското насилство е во пораст – од 25 случаи во 2022 на 36 во 2024 година.
- Според податоците од МВР, случаите на силување се зголемиле од 18 во 2022 на 33 во 2023 година и 31 во 2024.
- Случаите на телесна повреда и понатаму доминираат во контекстот на семејното насилство, со повеќе од 650 кривични дела регистрирани секоја година.
- Бројот на фемициди — кој се движи од 3 до 7 годишно — е загрижувачки, особено во контекст на земја со население од само 1,8 милиони жители.

Истражувањето спроведено од ОБСЕ (2019) покажа дека само 2% од жените во Северна Македонија кои доживеале родово базирано насилство го пријавиле на полицијата инцидентот што тие го сметаат за најсериозен

Истражувањето за родово базирано насилство на ЕУ (2024), кое ги опфаќа сите 27 земји членки, покажува дека 21% од жените кои доживеале физичко насилство, закани и/или сексуално насилство во некој период од животот побарале поддршка од здравствена или социјална служба додека 14% од нив го пријавиле инцидентот во полиција.



Обем на истражувањето

Истражувањето имаше за цел да одговори на следното главно прашање: „*Како може да се унапреди превенцијата на родово базираното насилство во Северна Македонија преку обука на професионалци/први одговорни лица?*“ Истражувањето користи комбиниран методолошки пристап кој вклучува преглед и анализа на релевантна литература и законски документи, како и квалитативни податоци собрани преку интервјуа и онлајн прашалници со професионалци и први одговорни лица. Истражувањето беше спроведено во периодот ноември 2024 – април 2025 година. Собраните податоци се фокусираат на превентивните мерки, конкретно обуките за професионалци и првите одговорни лица, кои беа реализирани од јануари 2021 до декември 2024 година.

ОПФАТ - Прашалникот беше споделен во соработка со Академијата за судии и јавни обвинители (АСЈО). Вкупно 41 претставник — 29 жени, 11 мажи и 1 со непознат пол — членови на АСЈО одговорија на прашалникот. Нивните работни позиции вклучуваат судии, јавни обвинители, правници, правни соработници/асистенти и слушатели (во почетна обука на АСЈО). Поголемиот дел од испитаниците имаат 1–3 години работно искуство (24 испитаници), потоа следува значителна група со повеќе од 10 години искуство (14 испитаници), додека само неколкумина имаат 3–6 години или помалку од една година искуство. Дополнително, интервјуа беа спроведени со претставнички/ци од граѓанските и интернационалните организации, организатори на обуките.

Клучни Наоди – Судии и јавни обвинители

Во периодот од 2021 до 2024 година биле спроведени низа таргетирани обуки со цел зајакнување на капацитетите на судиите, јавните обвинители и правните практичари во Северна Македонија за справување со РБН, НВЖ и СН, вклучително и фемициди и злосторства од омраза. Обуките биле главно организирани од страна на АСЈО во соработка со Мисијата на ОБСЕ, АИРЕ, Здружението ЕСЕ и Хелсиншкиот комитет.

Клучни теми што биле опфатени:

- **Истанбулската конвенција и правни рамки**: Повеќе обуки биле посветени на имплементација на Истанбулската конвенција, усогласување на националното законодавство и судската пракса поврзана со РБН и фемицид.
- **Фемицид и одговор на кривичната правда**: Во 2023–2024 година посебно внимание било посветено на постапувањето со случаи на фемицид, вклучително и обуки на обучувачи и детални правни анализи.
- **Пристапи фокусирани на жртвата**: Обуките ги опфатиле траума-информираните практики, секундарна виктимизација и потребите на ранливи групи, вклучително и ЛГБТИК+ лица.
- **Злосторства од омраза и различност:** Правни професионалци биле обучени за справување со говор на омраза и злосторства од омраза, особено насочени кон ЛГБТИК+ лица.
- **Правна помош и практични вештини:** Правните практичари, особено младите адвокати и студенти по право, добиле практична обука за судски постапки, правно советување и поднесоци во случаи на СН.
- **Поддршка за пристап до бесплатна правна помош**: Обуките ги вклучиле и регионалните канцеларии на МП за унапредување на спроведувањето на БПП и соработка со институциите од системот за социјална заштита.

Идентификувани празнини и ограничувања:

- **Ниска и нерамномерна вклученост**: И покрај бројните обуки, повеќето имале многу мал број учесници (често помалку од 10 судии или обвинители), што го ограничува системското влијание. Судиите почесто учествувале на обуките отколку јавните обвинители, иако обвинителите имаат клучна улога во гонењето на случаи на РБН.
- **Недостаток на институционализација**: Обуките биле проектно базирани и не биле систематски вградени во задолжителната програма за обука на судии и обвинители.
- **Слабо застапени теми**: Ограничено внимание било посветено на дигиталното насилство, старателство и посети во случаи на СН, обновителна правда, процесни права, интерсекционалност и економско зајакнување на преживеаните.
- **Практични недостатоци во обуките**: Поголемиот дел од обуките остануваат теоретски, со ограничена примена на судски симулации, игри на улоги или сценарија за учење поврзани со постапување со жртви и судење

Улоги, одговорности и празнини во праксата

Испитаниците како судии и јавни обвинители ги препознаваат за свои следниве клучни улоги во областа на родово базираното насилство (РБН):

- Интервјуирање на жртви и сторители,
- Изрекување и спроведување на заштитни мерки,
- Водење на судски постапки и санкционирање на сторители,
- Соработка со институции (ЦСР, полиција, здравствени установи).

Неколку испитаници покажаа ограничено разбирање за нивните одговорности во областа на родово базираното насилство.

- Ограничен ангажман во реинтеграција на жртви и сторители,
- Недоволно препознавање на заштитата на децата,
- Непотполно разбирање на семејното насилство во граѓански и управни постапки.

Ставови кон жртвите и професионално однесување

- Речиси сите испитаници го поддржуваат пристапот сензитивен кон жртвите,
- Мал број испитаници сметаат дека случаите на РБН не треба да имаат приоритет,
- Околу осум од десет испитаници се согласуваат дека довербата во институциите влијае врз одлуката на жртвите да пријават,
- Осум од десет испитаници го препознава професионалното однесување како клучно за одлуката на жртвите да покренат постапка.

Учество на обуки и празнини

- Еден од десет испитаници се чувствуваат целосно подготвени за давање одговор на РБН со почетната обука.
- Шест од десет испитаници посетиле обука поврзана со РБН (поголемиот дел еднаш, неколку испитаници повеќе пати), додека четири од десет не посетиле никаква обука поврзана со РБН.
- Една третина од испитаниците посетиле мултисекторски обуки.

Фокус на содржината на обуките

- Поголемиот дел од испитаниците кои посетиле обуки изјавиле дека темите како насилство од интимен партнер, законска рамка, Истанбулската конвенција и потребите на жртвите биле опфатени.
- Испитаниците оцениле дека секундарната виктимизација, интерсекционалноста и родовата еднаквост не биле доволно опфатени во обуките што ги посетиле.
- Темите како стандардите за бесплатна правна помош, старателство, третман на сторителите и превенција од прегорување најчесто воопшто не биле опфатени.

Запознаеност со правната рамка

- Шест од десет испитаници се целосно запознаени со Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство (ЗСЗНВЖСН), додека пет од десет се запознаени со Истанбулската конвенција.
- Од една третина до речиси половина од испитаниците немаат целосно разбирање на законските обврски.

Перцепции и родови ставови

- Испитаниците генерално ја поддржуваат родовата еднаквост како принцип.
- Испитаниците покажаа донекаде амбивалентни ставови во однос на традиционалните родови улоги во домаќинството и економскиот придонес.
- Поголемиот дел од испитаниците ги отфрлаат штетните митови за РБН (на пр., дека семејното насилство е приватна работа, дека жените го провоцираат насилството), но останаа неутрални во однос на клучни прашања (на пр., веродостојноста на жртвите, непостоењето на сторители на насилство во нивната социјална средина).

Јазови помеѓу правната рамка и практичната имплементација

И покрај постојната правна рамка и јасно дефинираните обврски на Министерството за правда и АСЈО постојат значителни јазови помеѓу теоретските одредби и нивната практична примена. Министерството за правда има клучна улога во воспоставувањето на иницијални и континуирани програми за едукација на овластени даватели на бесплатна правна помош и правници кои обезбедуваат заштита на жртви. Сепак, истражувањето покажува дека стандардизацијата и досегот на овие обуки се ограничени, со недоволна застапеност на теми како секундарна виктимизација, интерсекционалност, заштита на деца, економско зајакнување на жртвите и третман на сторители.
АСЈО, иако редовно организира обуки за судии и обвинители, во пракса се соочува со ниска и нерамномерна учество особено од страна на јавните обвинители, чие присуство е клучно во постапувањето со случаи на РБН. Дополнително, обуките најчесто остануваат теоретски, без доволно практични вежби, симулации или протоколарни насоки за соработка меѓу институциите. Овие недоследности укажуваат на потребата за институционализирање на обуките, појаснување на улогите и воспоставување на стандардизирани процедури за ефективна примена на ЗСЗНВЖСН.

Препораки за даватели на прв одговор при РБН меѓу судиите и јавните обвинители

Јакнење на правната и процесна стручност

- Да се обезбеди задолжителна и сеопфатна обука за сите судии и јавни обвинители за имплементација на Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство, Кривичниот законик и Истанбулската конвенција.
- Редовно да се ажурираат знаењата за релевантни законски измени, судска пракса и институционални обврски со цел правна усогласеност и доследност.
- Да се развијат јасни насоки за специфичните улоги за користење на заштитни мерки, обвинителска дискреција и координација со социјални служби во случаи со висок ризик од РБН.

Справување со родови предрасуди и стереотипи во судското расудување

- Да се воведат модули за родово цензитивен пристап што ќе им помогнат на судиите и обвинителите да ги препознаат и критички да ги преиспитаат сопствените имплицитни предрасуди и претпоставки за родови улоги.
- Преку обуки засновани на докази да се адресираат штетни стереотипи – како неверување во силување во брак, минимизирање на психолошко насилство или претпоставки за лажни пријави.
- Да се создадат безбедни простори за саморефлексија и структуриран дијалог за тоа како традиционалните верувања несвесно може да влијаат врз собирање докази, толкување, изрекување казни или обвинителски стратегии.

Унапредување на сензитивноста на судството и пристап заснован на жртвите и човековите права

- Да се воведат специјализирани обуки за спречување на секундарна виктимизација, со акцент на однесување во судница, испрашување базирано на траума и минимизирање на повторната траума за време на рочишта.
- Да се зајакнат вештините за градење доверба и комуникација со жртвите, особено во случаи со ранливи сведоци, спротивставени искази или одложено пријавување.
- Да се поттикне користење на процесни заштити (на пр. затворени седници, сведочење на далечина) за намалување на психолошкиот товар врз жртвите.

Промовирање на меѓуинституционално усогласување и координација

- Да се олесни одржувањето на заеднички обуки со претставници од полицијата, центрите за социјална работа, здравствените институции и граѓанскиот сектор за усогласување на протоколите за одговор.
- Да се развијат или зајакнат меѓуинституционалните упатни патеки, со јасно дефинирани улоги и рокови за постапување, со цел намалување на доцнењата и фрагментираноста во заштитата на жртвите.
- Да се вклучат практични вежби за ракување со случаи преку повеќе сектори и рано препознавање на ризик во рамки на обуките.

Примена на методи на учење базирани на случаи и искуство

- Да се надмине пристапот базиран на предавања и да се воведат работилници со сценарија, симулации на рочишта и практични случаи прилагодени на РБН.
- Да се користат анонимизирани реални случаи за дискусија на етички дилеми, обвинителски одлуки и предизвици при судска интерпретација.
- Да се поттикнува размена на искуства и заеднички прегледи на случаи помеѓу обвинители и судии со цел колективно учење и унапредување на доследноста.

Подобрување на стандардизацијата и отчетноста

- Да се поддржи развојот и доследната примена на интерни протоколи и институционални насоки за постапување во случаи на РБН.
- Да се обезбеди дека сите судии и обвинители имаат пристап до овие процедури, ги разбираат и дека се идентификуваат и адресираат празнините во нивната примена преку надзор и обука.
- Да се промовираат редовни интерни состаноци за преглед на примената на протоколите и усогласување на практиките меѓу обвинителите и судиите.

ЗА ПРИСТАП ДО ЦЕЛОТО ИСТРАЖУВАЊЕ "ПОСИГУРНА ИДНИНА: ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ПРЕВЕНЦИЈАТА ОД РОДОВО БАЗИРАНО НАСИЛСТВО ПРЕКУ ПРОФЕСИОНАЛНА ОБУКА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА" СКЕНИРАЈТЕ ГО QR КОДОТ!

ОВАА ПУБЛИКАЦИЈА Е ФИНАНСИРАНА ОД ЕВРОПСКАТА УНИЈА. НЕЈЗИНАТА СОДРЖИНА Е ЕДИНСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ НА ЛУДВИГ БОЛЦМАН ГЕСЕЛШАФТ – ИНСТИТУТ ЗА ФУНДАМЕНТАЛНИ И ЧОВЕКОВИ ПРАВА (LBI-GMR) И НЕ НУЖНО ГИ ОДРАЗУВА СТАВОВИТЕ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА.